РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 09-306/1
02.04 2025 год.
РОСОМАН

ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.„Пролетерска“ бр.1А 1422 Росоман
тел: +38943441331 факс: +38943441443
e-mail: opstrosoman@yahoo.com

Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа(“Службен весник на РМ” бр 5/02 и (“Службен весник на РСМ” 202/24) и член 22 алинеја 2 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман” бр.7/06), Градоначалникот на општина Росоман објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за пријавување на штети на земјоделски насади од атмосферска непогода – мраз

Општина Росоман ги повикува граѓаните кои имаат материјални штети на земјоделски насади предизвикани од атмосферската непогода – мраз која ја зафати територијата на општина Росоман во периодот од: 17ти до 20ти Март 2025 година да ја пријават штетата на своите насади во просториите на општина Росоман на обрасци кои ќе им бидат доставени од страна на општинската администрација и тоа:

1. Барањето за пријавување на штета на земјоделските насади ;
2. Покрај барањето секој барател треба да достави:

- Копија од лична карта
- Изјава за веродостојност на податоци;
- Изјава за согласност за користење на лични податоци
- Трансакциска сметка;
- Доказ за основ на користење на земјиштето за насадите (Решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства издадено од МЗШВ; Имотен лист; Договор за закуп заверен на нотар).

3. Пријавувањето на штетите може да се изврши во периодот од 03.04.2025 (четврток )година до 18.04.2025година (петок) секој работен ден од 09.00 до 14.00 часот.

За сите дополнителни информации може да се обратите на:
Тодорка Трпевска – 072 319 590

**Напомена:** Во процената нема да се земат во предвид насади кои се помлади од 3 години како и насади кои не се обработуваат. Исто така нема да се врши проценка на насади кои се веќе осигурани за 2025 во осигурителни компании.

**Во Росоман на ден**
**02.04.2025 година**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов**

**БАРАЊЕ**

**за штети од атмосферска непогода - мраз**

Од лицето ______________________________ Од:______________

Адреса на живеење______________________ Контакт телефон______________

| Парцела КП .Број | К.О. | Место викано | Површина м2 | Број на стебла | Вид на култура | Сорта |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Во прилог на оваа табела потребно е да се достават и:

- лична карта со Изјава за користење на личните податоци потпишана од барателот;
- трансакциска сметка;
- доказ за основ на користење на земјиштето за насадите (Решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства издадено од МЗШВ; Имотен лист; Договор за закуп заверен на нотар

ИЗЈАВА

за согласност за користење на личните податоци

Јас, ________________________________ со оваа изјава давам изречна согласност општина Росоман да ги користи и да врши обработка на моите лични податоци, како и да ги чува во збирката на личните податоци за потребите на процесот за проценка на штета од мраз и слана, се додека има потреба од нив, по што ќе бидат избришани во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во која било друга форма. Оваа изјава ја давам доброволно.

Изјавил

_______________

(потпис)

**ИЗЈАВА**

Јас ___________________________ со ЕМБГ ______________________ од ________________ изјавувам под целосна кривична и материјална одговорност дека податоците кои се наведени во барањето и кои ќе ги посочам на терен при проценката се релевантни и за нивната веродостојност и точност преземам целосна одговорност.

Барател:

______________

(Потпис)